РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-389/4
30-10-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-389/1 од 22.01.2025 година, оформен по доставена пријава против службеното лице ///, овластен градежен инспектор на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно со чл.42 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, ќе достави иницијатива со која ќе побара од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да преземе дејствија од негова надлежност и да изврши контрола над работата на овластениот градежен инспектор во Општина /// и за констатираната состојба и преземените мерки да ја извести ДКСК во рок од 60 дена.

Предметот со број 12-389/1 од 22.01.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител – сопственици на посебни делови на станбена зграда на бул. /// бр./// влез /// Општина ///, на ден 22.01.2025 година, е поднесена пријава против службеното лице ///, овластен градежен инспектор на Општина ///, по која е оформен предмет со број 12-389/1 од 22.01.2025 година.

Во пријавата се наведува дека пријавеното службено лице не преземало дејствија во насока на отстранување на урбана опрема поставена пред деловен

простор - објект за /// /// на бул. /// бр./// лок./// Општина ///, по истекот на периодот на важност на Одобрението за поставување на урбана опрема бр. /// од /// година, издадено од /// за период од /// година до /// година. Според изнесеното во пријавата, овластениот градежен инспектор на Општина /// ///, по истекот на периодот на важност на Одобрението за поставување на урбана опрема бр. /// од /// година издадено од ///, не извршила инспекциски увид и не донела решение за отстранување на урбана опрема и со тоа на правното лице /// му овозможила да оствари финансиска корист вршејќи дејност во наводно незаконски поставената урбана опрема на ул. /// бр./// лок./// Општина ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците и информациите доставени по повод барањето упатено од ДКСК, утврдено е следното:

Овластен градежен инспектор од Општина /// постапувал за посочениот субјект на надзор /// и тоа биле водени инспекциски постапки по пријава од група станари – сопственици на посебни делови од станбена зграда на бул. /// бр./// Општина /// и при извршен вонреден инспекциски надзор, од страна на овластениот градежен инспектор на Општина /// во Записник /// од /// година било утврдено дека нема отстапување од Елаборатот за поставување на урбаната опрема и одобрението за урбана опрема, поради што било констатирано дека нема неправилности и постапката била запрена.

По повторни пријави од страна на станарите - сопственици на посебни делови од станбена зграда на бул. /// бр./// Општина ///, заведени под број /// од /// година, /// од /// година, /// од /// година и /// од /// година, и по добиено известување од /// заведено под број /// од /// година дека е истечено Одобрението за поставување на урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор, на ден /// година, овластениот градежен инспектор на Општина /// повторно извршил вонреден инспекциски надзор при кој во Записник /// од /// година констатирал дека правниот субјект /// против донесено Решение од Градоначалникот на /// за одбивање на барање за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема имал поднесено тужба до Управниот суд. Повикувајќи се на членот 95 од Законот за општата управна

постапка, заради постоење на претходно прашање за кое е надлежен друг орган, овластениот градежен инспектор ја прекинал постапката.

Имено, со членот 95 став 1 од Законот за општата управна постапка е пропишано дека „Ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката".

Во конкретниот случај во одговорот од Општина /// се наведува дека правниот субјект /// имал поднесено тужба до Управниот суд против донесено Решение од Градоначалникот на /// со кое се одбива неговото барање за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор со број /// од /// година и дека тоа било основ овластениот градежен инспектор да ја прекине постапката додека не се реши претходното прашање.

Меѓутоа, Државната комисија имаше предвид дека согласно со членот 28 од Законот за управните спорови, тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено и дека само судот може со решение да го одложи извршувањето по барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би ѝ се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка. Покрај тоа, исходот од постапката по тужбата против акт за одбивање на барање за ново одобрение, не може да биде претходно прашање при одлучување за отстранување на урбана опрема за која повеќе нема одобрение за нејзино поставување, односно истото е истечено.
Видно од Одобрението за поставување на урбана опрема број /// од /// година е дека било издадено за временски период од /// година до /// година и дека во самото одобрение било определено дека по истекот на времетраењето на одобрението или негово престанување со важност, имателот на одобрението е должен веднаш да ја отстрани урбаната опрема од јавната површина и просторот да го доведе во првобитна состојба.

Видно од Известувањето од /// – Сектор инспекторат – Одделение за комунална инспекција од /// година е дека Комуналната инспекција на /// ја известила градежната инспекција при Општина /// да постапи согласно членот 135 став 1 од Законот за градење и да ги извести за постапката.

Имено, согласно со член 135 од Законот за градење, е пропишано дека градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување на: времен објект и урбана опрема поставени со одобрение за поставување согласно со членот 81 на овој закон, по истекот на рокот за отстранување определен во одобрението за поставување.

Од погоре наведеното произлегува дека имателот на одобрението е должен по истекот на времетраењето на одобрението веднаш да ја отстрани урбаната опрема од јавната површина и просторот да го доведе во првобитна состојба.

Одбивањето на новото барање за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и управниот спор кој што се води против таквиот акт, не значи право на барателот урбаната опрема по истек на времетраењето на одобрението и без ново одобрение да остане поставена на јавната површина до правосилното завршување на управниот спор. Имено, тужбата нема одложно дејство, а овластениот градежен инспектор е должен со решение да нареди отстранување на урбаната опрема по истекот на рокот за отстранување определен во одобрението за поставување.

Од погоре наведеното произлегува дека во конкретниот случај овластениот градежен инспектор по поднесени пријави постапил и извршил инспекциски надзор, но според Државната комисија при постапувањето неправилно се повикал на примена на членот 95 од Законот за општата управна постапка и врз основа на истиот ја прекинал инспекциската постапка, наместо да донесе решение за отстранување на урбаната опрема од јавната површина поради тоа што е изминато времетраењето на одобрението.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за понатамошно постапување, а до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно со чл.42 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, ќе достави иницијатива со која ќе побара Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да преземе дејствија од негова

надлежност - да изврши контрола над работата на овластениот градежен инспектор во Општина /// и за констатираната состојба и преземените мерки да ја извести ДКСК во рок од 60 дена.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930